**Одлука бр.18**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 15.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

## За определување на критериуми за номинација на тениски клубови за влез во системот на финансирање на Агенцијата за млади и спорт

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја изврши селекцијата за номинација на тениските клубови за влез во системот на финансирање на Агенцијата за млади и спорт, според следните критериуми:

1. Бројот на натпреварувачи во Државните репрезентации во тенис на Северна Македонија во претходната година и на натпреварувачи во Државните репрезентации во тенис на Северна Македонија во годината на моментот на номинација.

2. Бројот на Државни прваци за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната година и Бројот на Државни прваци за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во годината на моментот на номинација.

.

3. Пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната година и пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени на моменталните ранг листи во тековната година.

4. Бројот на регистрирани натпреварувачи во претходната година и бројот на регистрирани натпреварувачи во годината и моментот на номинација

5. Бројот на регистрирани членови- детски тенис во претходната година и Бројот на регистрирани членови во годината и моментот на номинација за тековната година

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација номинација на Тениски клубови за влез во систем на финасирање во Агенција за млади и спорт.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 15.02.2021 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
2
Скопје